РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-1493
18-08-2025 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 21-вата седница одржана на 15.08.2025 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Постапката по предметот со број 12-2492/1 од 20.09.2024 година, оформен по доставена пријава против ///, службено лице вработено во Министерството за внатрешни работи, СЕ ЗАПИРА.

ДКСК утврди дека, наводите од пријавата не се потврдуваат и нема елементи за натамошно постапување согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Предметот со број 12-2492/1 од 20.09.2024 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на непознат подносител, на ден 20.09.2024 година, поднесена е пријава за службеното лице ///, вработен во Министерството за внатрешни работи и оформен е предмет број 12-2492/1 од 20.09.2024 година.
Во пријавата подносителот наведува дека на службеното лице ///, ///, /// во Единицата за /// во Одделот за /// на Министерството за внатрешни работи, во периодот од /// година до /// година, неосновано му биле одобрени дневници, патни трошоци и други привилегии, поврзани со службени патувања во ///, Република ///, во функција на извршувањето на работните задачи од позиција на номинирано лице - ///, и покрај тоа што е прималец на дневници и од ///, кои ги добива како прилив од странство.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

Дополнително, подносителот во пријавата изнел наводи за несоодветно поведение на пријавеното лице при учество во обуки во организација на ///, како и наводи за конфликтно однесување и злоупотреба на податоци од системите за /// за остварување на лична корист.

Заради проверка на наводите и утврдување на фактичката состојба во пријавениот случај, ДКСК достави барање за доставување податоци и информации до Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди при Министерството за внатрешни работи.

Од увидот во податоците, информациите и документацијата доставени на барање на ДКСК, утврдена е следната фактичка состојба:
Претставка со содржина која е истоветна со содржината на пријавата врз чија основа е оформен предметот, во септември 2024 година била доставена и до Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди при Министерството за внатрешни работи.
По преземени соодветни дејствија, во Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди при Министерството за внатрешни работи било констатирано дека претставката против /// е неоснована и дека наводите во истата не се потврдуваат.
Имено, по извршен увид и проверки во Одделот за финансиски прашања при Секторот за буџетска координација и контрола, Одделение за буџетска контрола, било утврдено дека сите аванси за службени патувања во странство на службеното лице /// биле раздолжени, со соодветно приложена документација до надлежните служби на МВР и на ///, и дека средствата биле користени наменски.
Во Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди при Министерството за внатрешни работи било утврдено дека против пријавеното службено лице во текот на последните три години не била водена постапка, ниту дека лицето било дисциплински казнувано.
Во однос на наводите за злоупотреба на податоци /// за остварување на лична корист, било утврдено дека пријавеното лице системите ги користело исклучиво за службени потреби и оперативна полициска работа согласно описот и пописот на неговото тогашно работно место.
Во однос на наводите за несоодветно поведение при учество во обуки во организација на ///, било утврдено дека пријавениот на овие обуки посветено и активно учествувал.

Следствено, имајќи го предвид горенаведеното, ДКСК утврди дека наводите од пријавата не се потврдуваат, поради што ДКСК нема елементи за натамошно постапување и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Заменик-претседател**

**м-р Билјана Каракашова Шулев**

Изработил: А.Р.М., советник
Контролирал: Ј.Ц., раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., раководител на сектор
Одобрил: м-р С.Д., член на ДКСК